**ЗАПИСНИК**
***од Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции, одржана на 20 јануари 2016 година, во сала Борис Трајковски во Собрание на Република Македонија (Заедничка седница со Комисијата за европски прашања)***

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања започна во 11.12 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Ермира Мехмети, претседател на Комисијата за европски прашања.

На седницата беа поканети членовите на Комисијата за надворешна политика, членовите на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и претставници на амбасади на земјите членки на Европската унија во Република Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата присуствуваа г. Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции и Н.Е. г.Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

На заедничката седница присуствуваа: г-ѓа Ермира Мехмети, претседател на Комисијата за европски прашања, г.Кенан Хасипи копретседавач со Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г.Димитар Стевананџија, г.Трајчо Димков, г-ѓа Нола Исмајлоска Старова, г-ѓа Шпреса Хадри, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Марија Ангелова, г.Никола Мицевски и г.Орхан Ибраими, пратеници во Собранието на Република Македонија, г.Димитар Мирчев од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г. Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, г.Слободан Антовски од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, г.Шинази Мемеди од Исламската верска заедница, г-ѓа Христина Танчева од Евангелско-Методистичка црква и г. Митко Алексов од Сојузот на стопански комори на Македонија.

На Единаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции и Дваесет и шестата седница на Комисијата за европски прашања, беше предложен следниот

**Дневен ред:**

**-Презентација на програмата и приоритетите за работа на Холандското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јануари-јуни 2016 година, од страна на амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Н.Е. г.Вилем Ваутер Пломп.**

Претседавачот со седницата, г-ѓа Ермира Мехмети констатира дека е усвоен дневниот ред на Комисијата за европски прашања, а поради отсуство на претседателот и потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции ги повика присутните членови на Советот да се изјаснат по предложениот дневен ред, при што истиот едногласно беше усвоен.

На седницата беа претставени Програмата и приоритетите за работа на Холандското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јануари-јуни 2016 година, од страна на амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, Н.Е. г.Вилем Ваутер Пломп.

Обраќања по темата од дневниот ред имаа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, г. Фатмир Бесими и Н.Е. г. Аиво Орав, шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија,.

Во расправата со свои мислења, предлози и коментари учествуваа пратениците: г-ѓа Ермира Мехмети, г-ѓа Лилјана Поповска, г. Орхан Ибрахими, г-ѓа Нола Исмајлоска, г. Павле Трајанов и г. Кенан Хасипи, пратеници во Собранието на Република Македонија и г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

Дискутантите се осврнаа на Програмата и приоритетите на холандското претседателство со ЕУ во претстојните шест месеци и беа разменети мислења и ставови за актуелните состојби во Република Македонија, од аспект на степенот на реализацијата на Договорот од Пржино, како услов за отклучување на евроинтегративниот процес на земјата и добивање на датум за почеток на преговорите за време на новата тројка на држави, Холандија, Словачка и Малта, кои ќе претседаваат со ЕУ во наредните 18 месеци.

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања заврши во 13.30 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Единаесеттата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни-заменици

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

**Лидија Димова**

31-270/2
18.02.2016

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска